РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр.-Nr. 08 - 427/10
26.12. 20 22 година

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 39 седница одржана на 08.06.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиската програма „Граѓанско право“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Граѓанско право“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на правни науки од областа на граѓанско право /во меѓународен промет академски назив: Doctor of legal sciences (PhD) in Civil Law.
4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општесвени науки, Научно – истражувачко поле: 508 Правни науки, Научно – истражувачка област: 50803 Граѓанско право.
5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Игор Камбовски, вон. проф. д-р Марија Амповска, вон. проф. д-р Милица Шутова.
6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 0201 -256/27 од 29.03.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Граѓанско право“, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809 -312/2 од 20.04.2022 година (наш бр. 08 - 427/1 од 21.04.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 40-та седницата одржана на 24.06.2022 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 427/6 од 01.07.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 39-та седница одржана на 08.06.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова